РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1119/5
01-06-2026
r./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32- та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1119/1 од 10.03.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на административен службеник во --------------- -- --------- ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за предметниот случај постапил друг надлежен орган и извршил инспекциски надзор при кој не утврдил неправилности во спроведената постапка за унапредување во субјектот на надзор.

Предметот со број 12-1119/1 од 10.03.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 10.03.2026 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на административен службеник на раководно работно место со звање Заменик раководител на Сектор за човечки ресурси во --------------- -- --------- ----------, и оформен е предмет број 12-1119/1 од 10.03.2026 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Државниот управен инспекторат да изврши надзор над гореспомената постапка во смисла на исполнетоста на условите утврдени во Законот за јавни приходи и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилог документација и од увидот во истите констатирано е следното:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државниот инспекторат за труд на РСМ, постапил по барање на Државниот управен инспекторат и извршил вонреден инспекциски надзор во --------------- -- --------- ---------- на РСМ, при што овластен инспектор за труд констатирал дека лицето Весна Новаковиќ била унапредена на работното место Помошник директор за поддршка , Директорат за поддршка на активностите на -------, Генерална дирекција – --------, ----- и шифра на работно место ДАНО101Б01001 ниво БО1 согласно Законот за управа за јавни приходи.

ДКСК, од увидот во прибавената документација утврди дека надлежниот орган, Државниот инспекторат за труд, постапил/ги проверил наводите од пријавата при што не утврдил неправилности во предметната постапка и констатирал дека истата е водена во согласност со Законот за управа за јавни приходи.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај поради што не се потврдуваат наводите во пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut